Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Р.М. бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) Градоначалникот на општина Маврово и Ростуша го дава следново

# СООПШТЕНИЕ

## За организирање Јавна Презентација и Јавна Анкета по Нацрт-Урбанистички план за село Росоки, Општина Маврово и Ростуше

Општина Маврово и Ростуша за Нацрт-Урбанистички план за село Росоки, општина Маврово и Ростуша, ќе спроведе Јавната Анкета во периодот од 08.07. до 22.07.2013 год. , Стручната презентација на Нацрт-планот ќе се одржи во **с.Тресонче** на ден 15.07.2013 год. со почеток во12 часот.

Целокупниот опфат на Урбанистичкиот план за с.Росоки е со површина од 19,59 ха и е поделен на 4 Урбани блокови. Во опфатот се предвидени намените: А-домување, В-јавни институции, Д2 - заштитно зеленило, Д3 - спорт и рекреација, Д4 – меморијални простори, Е-инфраструктура, сообраќајници, река, зона на водозафат, заштитен појас на 10 кв воздушен вод и заштитен појас на подземен тунел од водозафат до хидросистем „Бошков мост" .

Границата на плански опфат на урбанистичкиот план е сложена линија која е дефинирана со прекршни точки - дефинирани со 70 координатни точки, дефинирани со - x, y коодринати, приложени во нацрт-Урбанистичкиот план за с.Росоки.

Јавната анкета ќе се спроведе со изложување на нацрт-урбанистичкиот план во горенаведениот период во просториите на Одделението за урбанизам на Општина Маврово и Ростуше - во Маврови Анови и во с.Росоки .

Сите заинтересирани физички и правни лица доколку имаат забелешки на изложениот нацрт-план, истите може да ги достават на Анкетни ливчиња до општина Маврово и Ростуше – Одделение за урбанизам – М.Анови, во периодот на времетраење на Јавната анкета, во писмена форма .

Општина Маврово и Ростуша